<table>
<tr><td colspan="6">Предметна програма од втор циклус студии</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">Корпоративно претприемништво</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4">ПР204/2023</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Агробизнис</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Економски институт, Скопје,<br>УКИМ</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Втор циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>2023/2024</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС</td><td>5</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">проф. д-р Ирина Пиперкова<br>проф. д-р Елизабета Џамбаска</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">Завршен прв циклус студии (180 кредити)</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма:<br>Целта на овој предмет е студентите да се стекнат со знаење и разбирање за теоретските и практичните аспекти на корпоративното претприемништво и претприемничките вештини. Корпоративно претприемништво односно интрапретприемништвото се однесува на активностите кои се вклучени во создавање и искористување на нови комбинации на ресурси во контекст на постојните корпорации.  Предметот се фокусира првенствено кон идентификација, развој и експлоатација на претприемачки идеи, управување со нови потфати, производи или процеси во контекст на големите корпорации. Темите вклучуваат начини како организациите може да го стимулираат корпоративно претприемништво, интра-организациските мрежи, притоа адаптирајќи ги организациската структура и организациската култура за развој на претприемништвото во корпорациите. Развојот на аналитички и истражувачки вештини е особено значаен во текот на изучување на предметот, кој ќе биде од особено значењепри донесување бизнис одлуки. Анализата на комплексни ситуации ќе изгради знаење кај студентите како да носат ефикасни одлуки за поттикнување на претприемничкиот дух во корпорациите.<br><br>Оспособен за (компетенции)<br>По завршувањето на наставата, студентите ќе бидат оспосебени:<br>- да размислуваат критички и да ги анализираат прашањата и проблемите кои се поврзани со воведување и управување со корпоративното претприемништво,<br>- ќе ги разбираат теориите и концептите за корпоративното претприемништво, природата и сложеноста на претприемништвото во организациите;<br>- ќе можат да дискутираат и да ги детерминираат начините за зголемување на капацитетот за развој на претприемништвото во организациите и управување со процесот на претприемништвото во организациите во однос на специфичните организациски способности;<br>- ќе предлагаат алтернативни пристапи за развивање на способност за иновации во организациите.</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:<br>1. Вовед во корпоративно претприемништво<br>2. Форми на корпоративно претприемништво<br>3. Создавање на претприемничка организација<br>4. Управување со ресурсите во претприемничка организација<br>5. Корпоративна стратегија и претприемништво<br>6. Организациска структура за поддршка на претприемништвото<br>7. Развој на претприемничка култура<br>8. Управување со претприемничка организација<br>9. Надминување на бариерите за развој и управување со претприемничка организација<br>10. Оценување на перформансите на управувањето со корпоративното претприемништво<br>11. Постигнување на одржливост на корпоративното претприемништво</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="5">Методи на учење:<br>Наставата се изведува во облик на предавања со дискусии, со интерактивни методи кои вклучуваат самостојни задачи на студентите, презентации и друго.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="3">15 недели<br>5 ЕКТС х 30 часови = 150 часови<br>Неделен фонд на часови (1+1)</td></tr>
</table>

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **14.** | **Распределба на расположливо време** | | 12 недели + 3 недели консултации<br>15+15+120=150 часови | |
| **15.** | **Форми на наставните активности** | **15.1.** | Предавања-теоретска настава | 15 часови |
| | | **15.2.** | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа | 15 часови |
| **16.** | **Други форми на активности** | **16.1.** | Семинарска работа | 30 часови |
| | | **16.2.** | Самостојни задачи | 45 часови |
| | | **16.3.** | Домашно учење | 45 часови |
| **17.** | **Начин на оценување** | | | |
| | **17.1.** | Тестови | | 60 бодови |
| | **17.2.** | Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна) | | 30 бодови |
| | **17.3.** | Активност и учество | | 10 бодови |
| **18.** | **Критериуми за оценување (бодови/оценка)** | до 61 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | од 61 до 68 | 6 (шест) (E) | |
| | | од 69 до 76 | 7 (седум) (D) | |
| | | од 77 до 84 | 8 (осум) (C) | |
| | | од 85 до 92 | 9 (девет) (B) | |
| | | од 93 до100 | 10 (десет) (A) | |
| **19.** | **Услов за потпис и полагање на завршен испит** | *Редовност на настава и вежби, проектна задача* | | |
| **20.** | **Јазик на кој се изведува наставата** | *Македонски јазик* | | |
| **21.** | **Метод на следење на квалитетот на наставата** | *Механизми на интерна евалуација* | | |
| **22.** | **ЛИТЕРАТУРА** | | | |

**22.1.** Задолжителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Барингер,Брус Р.; Ајреланд, Дјуан Р. | Претприемништво успешно почнување со нови потфати, | Скопје, Арс ламина, | 2012 |
| 2. | Шулц, Хауард; Гордон, Џоан | Напред: како се бореше Старбакс за својот живот без да ја изгуби душата | Скопје, Арс ламина | 2012 |

**22.2.** Дополнителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Morris, M. H, Kuratko, D.F. and Covin, J.C. | Corporate Entrepreneurship & Innovation, 2nd Edition | Thomson/Southwestern Publishing | 2008 |
| 2. | Jerome Katz, Dean Shepaer, Editors | Corporate Entrepreneurship: Advances in Entrepreneurship, Firm Emergence and Growth | ELSEVIER Ltd | 2004 |